Д-р Бранко ПАНОВ

# ВОЈНИТЕ, ВОСТАНИЈАТА И БУРЖОАСКИТЕ РЕВОЛУЦИИ ВО СРЕДНИОТ ВЕК ОДРАЗЕНИ ВО ДЕЛАТА НА КЛАСИЦИТЕ НА МАРКСИЗМОТ-ЛЕНИНИЗМОТ

Основоположниците на научниот социјализам Карл Маркс и Фридрих Енгелс кога го завршиле во пролетта 1846 година во Брисел заедничкото дело „Германска идеологија" човештвото се здобило со ново, материјалистичко разбирање на историјата. Имено, Маркс и Енгелс тогаш го откриле историскиот материјализам со кој им бил зададен уништувачки удар на сите антинаучни идеалистички теории за развитокот на општеството. Збогатено подоцна и од Владимир Илич Ленин, откритието на Маркса и Енгелса овозможило да се постават цврсти основи и за научното изучување на потеклото и суштината на феудалното општество.

За разлика од буржоаските научници, Маркс и Енгелс и нивните следбеници преминот од античкиот свет кон средниот век го разгледале како премин од робовладетелската општествена формација кон феудалната, кој премин според нив не станал по еволутивен пат, туку како резултат на длабоките социјални преврати што настанале по паѓањето на Римската империја. Оваа робовладетелска империја паднала по нанесените уништувачки удари внатре од страна на робовските револуции, и од надвор од варварските племиња.

Давајќи карактеристика за Римската империја непосредно пред нејзиното паѓање, Фридрих Енгелс во делото „Потеклото на семејството приватната сопственост и државата" меѓу другото напишал:

„Провинциите го уништиле Рим; самиот Рим постанал провинциски град како и другите — привилегиран, но повеќе не владеел, повеќе не бил седиште на светското царство, дури веќе не бил седиште на царевите и совладетелите, кои имале престолнини во Константинопол, Триер, Милано. Римската држава постанала огромна, комплицирана машина наменета исклучиво за исмукување на поданиците . . . Своето право на опстанок таа го темелела на одржување на внатрешниот ред и на заштита од варварите од надвор. Но нејзиниот ред бил полош од најлошиот неред, а варварите против кои, како што тврдела ги заштиту-

вала граѓаните, овие граѓани ги очекувале како свои спасители ... Единственото што тука можело да помогне била само потполната револуција“.[1])

Фридрих Енгелс во истото дело дал слика и на општественото уредување на германските племиња, кои од крајот на IV век почнале да ѝ нанесуваат сè потешки порази на римската војска. Енгелс, наведувајќи дека тогаш Германците се наоѓале во својот општествен развиток во стадиумот на т.н. „воена демократија“, нагласил:

„Војната и организацијата за војна сега (кај Германците) постанале нормални функции на народниот живот ... Војната, која порано се водела само за освета заради презирањето, или заради проширување на подрачјето кое станало тесно, сега се водела напросто за одземање, постанала постојана стопанска гранка“.[2])

Од крајот на IV век, кога започнала т.н. „голема селидба на народите“, војната меѓу германските и негермански варварски племиња со Империјата била сè повеќе пренесувана на нејзина територија. Тоа пак имало силно влијание врз изострувањето на кризата на робовладетелскиот начин на производство. Експлоатираните маси — робовите, колоните и други сега сè повеќе почнале да поминуваат на страната на напаѓачите. Како резултат на тоа во 476 година Западната римска империја паднала под ударите на варварските племиња. Со тоа бил нанесен и уништувачки удар на робовладетелскиот поредок.

Карл Маркс и Фридрих Енгелс во делото „Германска идеологија“ изјаснувајќи се дека со паѓањето на Западната римска империја се преминало од стариот свет во феудализам, меѓу другото го забележиле и тоа:

„Општествениот живот што освајачите го присвоиле при населувањето морал да одговара на развојниот степен на затечените производствени сили или, ако тоа од почетокот не било случај, тој морал да се измени спрема производствените сили. Со тоа — сметале Маркс и Енгелс — се објаснува и фактот, кој насекаде се среќавал по селидбата на народите, имено, кметот да е господар и освојувачите многу брзо да ги примат од потчинетите јазикот, образованието и обичаите. Феудализмот ниту во еден случај не бил готов пренесен од Германија; тој потекнувал кај освојувачите од борбената организација на војската во време на самите завладувања, а по тоа се развила во вистински феудализам врз основа на содејството на производствените сили на затечените во освоените земји“.[3])

Потпирајќи се врз проучувањата на Маркса и Енгелса на средновековната епоха ни се овозможува единствено правилно

[1]) F. Engels, Porijeklo porodice, privatnog vlasništva i države. Zagreb, 1945, str. 135—137.

[2]) Ibid., 150.

[3]) Marks — Engels, Nemačka ideologija, I. Beograd, 1956, str. 64—65.

да го согледаме вистинскиот карактер на варварските напади. Тие, според Маркса и Енгелса, биле од огромно значење за историјата на Европа. Со уништувањето на робовладетелската Римска империја на Запад, германските племиња ја измениле политичката карта на Европа. На територијата на Западната римска империја во периодот од V до VI век се појавиле нови варварски држави, во кои биле создадени услови за воспоставување на феудалните односи. Тоа пак значело дека со паѓањето на Западната римска империја и создавањето на голем број варварски кралства на нејзината територија бил извршен и длабок социјален превrat, социјална револуција, која од своја страна пак довела до смена на робовладетелскиот поредок во Империјата и родовскиот поредок на Германците со феудалниот поредок. Покрај тоа, варварските кралства овозможиле да се изградат на Запад големи феудални држави, во чиишто рамки постепено биле создадени и нови европски народи.[4])

Во своите дела Маркс и Енгелс не само што дале брилијантна карактеристика на промените кои настанале во раносредновековната епоха, туку го проследиле целиот историски процес во Средновековието, давајќи притоа свој суд и за повеќе востанија и војни, со кои, според Енгелс, бил исполнет целиот среден век.

Маркс и Енгелс, при проучувањето на одделните средновековни периоди, секогаш тргнувале од класните борби, заштo, тие во делото „Германска идеологија" пишуваат: „Во средниот век сите големи востанија потекнувале од селата".[5]) Овие селски востанија биле сите осудени на неуспех, заштo работничката класа не можела да истапува како раководна сила. Работниците не стигнале да создадат во средниот век своја посебна класа. Буржоазијата пак, која се зародила во недрите на феудалното општество, не можела да застане на чело на антифеудалната борба што ја воделе селаните, заштo во таа етапа на својот развиток таа сè уште не истапувала како целина против феудалниот поредок. Но, буржоазијата секогаш одела кон тоа да ги искористи селските востанија.[6])

И така „додека пустошните битки на владетелското племство го исполнувале средниот век — пишува Енгелс во делото „За пропаѓањето на феудализмот и настанувањето на буржоазијата" мирната работа на потчинетите класи го подривала во цела Западна Европа феудалниот поредок и создала услови во кои за феудалците останувало сè помалку место".[7])

На примерот на големата селска војна во Германија од 1525 година, Маркс и Енгелс ги дале и основните причини за

---

[4]) История средних веков, т. 1. Москва, 1966, стр. 97—98.
[5]) Marks — Engels, Nemačka ideologija, I, str. 51—52.
[6]) Ф. Енгелс, Немачки сељачки рат. Београд, 1950, стр. 137 сл.; Ф. Енгелс, О историском материјализму. Београд, 1947, стр. 17 сл.
[7]) Ф. Енгелс, О пропадању феудализма и настајању буржоазије. Београд 1951, стр. 1.

неуспехот на сите селски востанија во Средновековието. Притоа укажале на големата „расцепканост и крајната заостанатост на селанството“. Во врска со тоа, во делото „Селската војна во Германија“, Енгелс нагласил:

„Масата на нацијата — ситните граѓани, занаетчиите и селаните — била препуштена сама на себе од страна на нејзиниот, од почетокот сè уште природен сојузник — буржоазијата“.[8])

„Големата борба на европската буржоазија против феудализмот — пишува Енгелс во делото „За историскиот материјализам“ — достигнала своја кулминација во три одлучувачки битки.

Првата била онаа која се нарекува реформација во Германија. На повикот на Лутер за побуна против црквата се јавиле две политички востанија: прво востанието на ниското племство на чело со Франц фон Зикинген, 1523 година, а потоа големата селска војна 1525 година. И двете биле угушени, главно поради неодлучноста на најзаинтересираната партија, градската буржоазија. Од овој момент борбата се изродила во закачки меѓу одделните кнезови и царската централна власт и имала за последица тоа Германија за 200 години да биде исфрлена од редот на политичко активните нации на Европа“.[9])

Карл Маркс исто така се позабавил со големата селска војна во Германија, полемизирајќи притоа остро со буржоаските научници. Маркс остро го нападнал и Ласал, писателот на драмата „Франц фон Зикинген“, кој погрешно ја прикажал личноста на Зикинген. Во писмото до Ласал од 1859 година, го известил дека Зикинген си вообразувал дека е револуционер; тој заедно со Хутен, всушност, биле осудени на пропаст, зашто биле претставници на реакционерната класа која сè повеќе пропаѓала.

„На племичките претставници на револуцијата — зад чии пароли за единство и слобода сè уште се кријат соништа за старото царство и правото на тупаница — не би требало спрема тоа во толкава мера да се сосредоточи целиот интерес, како што се случува во твојата драма — му напишал Маркс на Ласал — и обратно, претставниците на селаните (особено тие) и револуционерните елементи во градовите морале да ја имаат многу битната позадина“.[10])

Фридрих Енгелс во делото „Селската војна во Германија“ исто така ги осудил сите оние кои не ја гледале класната позадина на војните. Во врска со тоа Енгелс нагласил:

„Во т.н. верски војни во XVI век се работело пред сè за вистински класни интереси, и овие војни биле класни борби исто така како и подоцните внатрешни судири во Англија и Франција. Тоа што овие класни борби тогаш се воделе под верски пароли, тоа што интересите, потребите и барањата на оддел-

---

8) Ф. Енгелс, Немачки сељачки рат, стр. 137.

9) Ф. Енгелс, О историском материјализму, стр. 17.

10) К. Маркс — Ф. Энгельс, Сочинения, XXV, стр. 251—252.

ните класи биле скриени под религиозно руво, ништо не ги менувало работите . . .

Средниот век — продолжува Енгелс — почнал одново. Тој расчистил со старата цивилизација, старата филозофија, политиката и правото, како би започнал сè од почеток. Единствено што презел од исчезнатиот стар свет било христијанството и низ полуразрушени градови, лишени од сета своја цивилизација. Тоа пак имало за последица . . . поповите да земат монопол на духовното воспитание, со што самото воспитание добило исклучиво теолошки карактер . . . Црковните догми воедно биле и политички аксиоми . . . Сите револуционерни општествени и политички доктрини морале да бидат истовремено и претежно теолошки ереси. За да би можело да се нападнат постојните општествени односи морало од нив да се отфрли светиот ореол . . . Средновековните ереси се среќаваат веќе во XII век изразени во големите спротивности меѓу граѓаните и селско-плебејската опозиција, спротивности на која се скршила Селската војна . . .".[11])

Фридрих Енгелс, споредувајќи ја големата селска војна со револуцијата од 1848 година, ги поставил прашањата:

Кој имал полза од револуцијата од 1525 година, а кој од револуцијата 1848 година. Притоа одговорил дека од првата имале корист кнезовите, а од втората големите кнезови, т.е. Австрија и Прусија. Додека „револуцијата од 1525 година — пишува Енгелс — била локална германска работа . . . револуцијата од 1848 година била дел од еден голем европски настан . . . поради што не може да се заврши како онаа од 1525 година".[12])

Владимир Илич Ленин исто така се осврнал на големата селска војна во Германија. Притоа нагласено го истакнал фактот дека селанството чувствувајќи се немоќно само да се справи со племството ѝ препуштило на буржоазијата таа да ја организира и води борбата за уривање на феудализмот. Изнесувајќи ги притоа мислите на Ф. Енгелс искажани во делото „Селската војна во Германија", Ленин истакнал:

„Ф. Енгелс особено ја нагласил поуката од искуството која во извесна мера ги поврзува селското востание од XVI век и револуцијата од 1848 година во Германија, а имено: расцепканоста на акциите, отсуството на централизација кај експлоатираните маси, кое доаѓало од нивната ситнобуржоаска животна положба, и од таа страна гледајќи ги работите ние доаѓаме до истиот заклучок: простото мноштинство на ситнобуржоаските маси сè уште ништо не решавало, ниту пак можело да реши, бидејќи организираноста, политичката свесност на акциите, нивната централизација, (која и те како е потребна за победата) — сето тоа можело на неповрзаните милионски селски газди да им даде само тие да бидат раководени било од буржоазијата, било од страна на пролетаријатот".[13])

[11]) Ф. Енгелс, Немачки сељачки рат, стр. 41—42.
[12]) Ibid., 138.
[13]) В. И. Ленин, Сочинения, XXI, стр. 54.

Маркс, Енгелс и Ленин во своите бројни дела, посебно укажале и на фактот дека во доцниот среден век масовните антифеудални селски и плебејски востанија почнале да се преливаат со раните буржоаски револуции. Борбата на здруженото селанство и буржоазијата била во овој период со сета сила насочена против апсолутистичката монархија која ги штитела интесерите на племството.

Основачите на марксизмот-ленинизмот специјално внимание и обрнале во своите испитувања на буржоаската револуција во Англија од 1640 до 1660 година, која според нив била од општоевропско значење — го означила почетокот на воспоставувањето на новиот капиталистички поредок во Западна Европа. Оценувајќи го историското значење на англиската револуција од XVII век, Маркс во рецензијата на брошурата на буржоаскиот историчар Гизо „Зашто успеала англиската револуција", го осудил „религиозниот" и „конзервативниот" карактер на англиската револуција, кој ѝ го дал Гизо. Маркс и во „Капиталот" образложено укажал дека исчезнувањето на селанството по победата на англиската револуција било најглавната и крупна промена, зашто тоа го забрзало буржоаскиот развиток во Англија.[14]) На овој факт укажал и Ф. Енгелс во делото „Развитокот на социјализмот од утопија до наука". Имено, Енгелс во ова дело укажал дека „во сите три големи буржоаски револуции (притоа тој мисли на селската војна во Германија од 1525 година, на англиската револуција од XVII век и на францускаta буржоаска револуција од XVIII век) ударната армија ја сочинувале селаните, и тие селани се заправо онаа класа која по извојуваната победа, заради економските последици на оваа победа, неминовно пропаѓа . . . Само благодарејќи на интервенцијата на јоменрите (средното селанство) и плебејскиот елемент на градовите, борбата била доведена до одлучен свршеток . . .".[15])

Владимир Илич Ленин, потенцирајќи ги овие мисли на Енгелс, исто така го истакнал значењето од интервенцијата на селанството и плебејскиот елемент на градовите, зашто сојузот на градскиот плебс со демократското селанство ги давал замавот и силата на англиската револуција од XVII век. Единствено ваквата интервенција — пишува Ленин — била „кадра сериозно да ја турка напред буржоаската револуција" во Англија.[16]) Со победата на англиската буржоаска револуција започнало едно ново поглавје во историјата на човештвото, заради што марксистичко-ленинистичката историографија овој настан го зема за крај на средниот век; таа довела до замена на феудалната со новата капиталистичка општетствена формација.

---

14) К. Маркс — Ф. Энгельс, Сочинения, VIII стр. 275—280.

15) Ф. Енгелс, Развитак социјализма од утопије до науке. Београд, 1950, стр. 20—21.

16) В. И. Ленин, Сочинения, XV, стр. 347.